# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 26.06.2019 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 11 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавнисте установи за деца за 2019 година бр. 0801- 498 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 26.06. 2019 година.

**Бр.0901- 499**
**26.06. 2019 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02), и член 166-з од Законот за заштита на деца („Службен весник на РСМ„ бр. 104 од 23.05.2019 година), како и Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на Јавните установи за деца за 2019 година на Владата на Република Северна Македонија бр. 45-4384/1 од 18.06. 2019 година, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 26.06. 2019 година донесе:

**Одлука**
**за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавнисте установи за деца за 2019 година**

**Член 1**

Максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца, за периодот од 01.06.2019 година до 31.08. 2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09. 2019 година до 31.12. 2019 година изнесува 81.10 денари.

**Член 2**

Ова Одлука стапува во сила веднаш, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801- 498**
**26.06. 2019 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавнисте установи за деца за 2019 година

**Бр. 0801- 500**
**26.06. 2019 год.**
**Свети Николе**